# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 08 02.10.2024, среда

www.valandovo.gov.mk

**СОДРЖИНА**

**Совет на Општина Валандово:**

**1.Решение** за објавување на Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2024/2025 година........................ 2
**2.Одлука** за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2024/2025 година................................................................................ 2
**3.Решение** за објавување на Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ "Калинка" Валандово за учебната 2024/2025 година........................ 2
**4.Одлука** за донесување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ "Калинка" Валандово за учебната 2024/2025 година................................................................................ 3
**5.Решение** за објавување на Одлука за времен престанок со работа на ПУ„Јане Сандански" во село Грчиште при ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово......................................................................... 3
**6.Одлука** за времен престанок со работа на ПУ„Јане Сандански" во село Грчиште при ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово.................................................... 3
**7.Решение** за објавување на Одлука за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за прием и организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број...................... 3
**8.Одлука** за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за прием и организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број................................................................. 3
**9.Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Драгана Рајкова од Валандово за превод, печатење и промоција на детска книга.......... 4
**10.Одлука** за одобрување на финансиска поддршка на Драгана Рајкова од Валандово за превод, печатење и промоција на детска книга................................................ 4
**11.Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈП „Комунален сервис" Валандово...................................................................... . 4
**12.Одлука** за одобрување на финансиски средства на ЈП „Комунален сервис" Валандово.................................... .. 4
**13.Решение** за објавување на Одлука за донесување на Предлог Детален Урбанистички план за урбан блок 1.4, УЕ 1 во Валандово............................................................. 5
**14.Одлука** за донесување на Предлог Детален Урбанистички план за урбан блок 1.4, УЕ 1 во Валандово......................................................................... 5
**15.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2023/2024 година........................ 5
**16.Заклучок** за усвојување на Годишниот извештај за работа на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2023/2024 година............................................................ . 5
**17.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ "Калинка" Валандово за учебната 2023/2024 година...................... . 6
**18.Заклучок** за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ "Калинка" Валандово за учебната 2023/2024 година............................................................. . 6
**19.Решение** за објавување на Заклучок за давање позитивно мислење на Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2024/2025 година... . 6
**20.Заклучок** за давање позитивно мислење на Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2024/2025 година.............................................................. 6
**21.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од

град, грмежи и силен ветар која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година........... 7
**22.Заклучок** за усвојување на Елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветар која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година................................ 7
**23.Решение** за објавување на Заклучок за давање позитивно мислење на Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за учебната 2024/2025 година................................................................................ 7
**24.Заклучок** за давање позитивно мислење на Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за учебната 2024/2025 година.............................................. 7
**25.Решение** за објавување на Програма за измена и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2024 година............... 8
**26.Програма** за измена и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2024 година.................................................................. 8
**27.Решение** за објавување на Правилник за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош и потребна документација за остварување на ова право.................. 8
**28.Правилник** за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош и потребна документација за остварување на ова право................................................................................. 9
**29.Решение** за објавување на Мислење за барањето на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за одобрување на посета на 15 ученици и 5 вработени во училиштето по покана за учество на тридневната манифестација „Вукови Дани“ во с.Степојевац, Општина Лазаревац, Република Србија........................................ 10
**30.Мислење** за барањето на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за одобрување на посета на 15 ученици и 5 вработени во училиштето по покана за учество на тридневната манифестација „Вукови Дани“ во с.Степојевац, Општина Лазаревац, Република Србија.. 10

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ “Гоце Делчев” Валандово за учебната 2024/2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ “Гоце Делчев” Валандово за учебната 2024/2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година.

Бр.09-1054/3 Градоначалник
01.10.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 29 став 6 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.229/20), член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 29 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2024/2025 година**

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Годишна Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев“-Валандово за учебната 2024/2025 година, која Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев“-Валандово ја има утврдено со Одлука бр.01-302/1 од 30.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-112/3 Совет на Општина Валандово
01.10.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ “Калинка” Валандово за учебната 2024/2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ “Гоце Делчев” Валандово за учебната 2024/2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година.

Бр.09-1054/5 Градоначалник
01.10.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 1 и член 168 став 3 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен Весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 29 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2024/2025 година**

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2024/2025 година, која Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово, ја има утврдено со Одлука бр.02-61/3 од 18.09.2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-112/5 — Совет на Општина Валандово
01.10.2024 год. — Претседател
Валандово — Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за времен престанок со работа на ПУ„Јане Сандански” во село Грчиште при ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за времен престанок со работа на ПУ„Јане Сандански” во село Грчиште при ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година.

Бр.09-1054/7 — Градоначалник
01.10.2024 год. — на Општина Валандово
Валандово — Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 43 и 44, член 47 став 1 од Статутот на Опшина Валандово, член 28 став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20), а по претходно добиена согласност од Министерството за образование и наука бр.12-8700/2 од 11.09.2024 година заведена под бр 09-888/3 од 16.09.2024 година и Планот за оптимизација на основните училишта во Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за времен престанок со работа на ПУ„Јане Сандански” во село Грчиште при ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука а по претходно добиена добиена согласност од Министерството за образование и наука бр.12-8700/2 од 11.09.2024 година, Подрачното училиште „Јане Сандански” во село Грчиште при ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово, времено престанува со работа до повторен упис на ученици.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“ и во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.08-112/7 — Совет на Општина Валандово
01.10.2024 год. — Претседател
Валандово — Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за прием и организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за прием и организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година.

Бр.09-1054/12 — Градоначалник
02.09.2024 год. — на Општина Валандово
Валандово — Перо Костадинов

---

Врз основа на член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 22 став 1 точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 7,

член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за прием и организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број**

**Член 1**

Општина Валандово како основач на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка“ Валандово ДАВА СОГЛАСНОСТ оваа установа, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста, да ја организира работата во детските градинки, во воспитната 2024/2025 година, со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“ .

Бр.08-112/12 Совет на Општина Валандово
01.10.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Драгана Рајкова од Валандово за превод, печатење и промоција на детска книга**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Драгана Рајкова од Валандово за превод, печатење и промоција на детска книга ј, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година.

Бр.09-1054/14 Градоначалник
01.10.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ сл.весник на РМ.бр.5/2002) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиска поддршка на Драгана Рајкова од Валандово за превод, печатење и промоција на детска книга**

**Член 1**

Со ова Одлука од Буџетот на Општина Валандово се одобруваат средства во износ од 30.000,00 денари, на Драгана Рајкова од Валандово, како финансиска поддршка за превод на турски јазик, печатење и промоција на детска книга, стихозбирка и сликовница.

**Член 2**

Средствата за реализација на помошта ќе се исплатат од програма АО Совет на Општина, подставка 413110 – тековни резерви, на име Лејла Рајкова со ЕМБГ 2311982487008 – родител на Драгана Рајкова, на банкарска трансакциска сметка бр.210501735467110 депонент НЛБ Банка АД Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово.

Бр.08-112/14 Совет на Општина Валандово
01.10.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈП „Комунален сервис" Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈП „Комунален сервис" Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година.

Бр.09-1054/15 Градоначалник
01.10.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово Советот на Општина Валандово на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на ЈП ”Комунален Сервис” Валандово**

**Член 1**

Со ова Одлука, од Буџетот на Општина Валандово на Јавното претпријатије "Комунален Сервис" Валандово му се одобруваат финансиски средства во износ од 233.000,00 денари за ископ на нов артериски бунар за водоснабдување, кој се изврши во населено место Балинци и набавка и монтажа на потопна пумпа.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се трансферират од Буџетот на Општина Валандово програма АО, ставка 464990 – други трансфери, на сметката на Јавното претпријатие "Комунален Сервис" Валандово.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, согласно член 1 од оваа Одлука, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-112/15 Совет на Општина Валандово
01.10.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за донесување на Предлог Детален Урбанистички план за урбан блок 1.4, УЕ 1 во Валандово.**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за донесување на Предлог Детален Урбанистички план за урбан блок 1.4, УЕ 1 во Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година.

Бр.09-1054/16 Градоначалник
01.10.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа член 20 став 3 точка 2 и член 27 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20,111/23, и 171/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002") и член 21 став 1, точка 7 и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување на Предлог Детален Урбанистички план за Урбан Блок 1.4, УЕ 1 во Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука донесува Предлог Детален Урбанистички план за Урбан Блок 1.4, УЕ 1 во Валандово, со технички број 006-0802/2023 од Јули 2024 година, плански период (2023-2028) со површина на плански опфат 3,27 ха, изработен од Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 ДООЕЛ Струмица.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Валандово, да постапи согласно член член 52 Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20,111/23, и 171/24).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-112/16 Совет на Општина Валандово
01.10.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2023/2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година.

Бр.09-1054/2 Градоначалник
01.10.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за работата на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2023/2024 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2023/2024 година, кој Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, го има усвоено со бр.01-301/1 од 30.08.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-112/2 Совет на Општина Валандово
01.10.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ “Калинка” Валандово за учебната 2023/2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ “Калинка” Валандово за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година.

Бр.09-1054/4 Градоначалник
01.10.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2023/2024 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2023/2024 година, кој Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово го има утврдено со Одлука бр.02-61/2 од 18.09.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-112/4 Совет на Општина Валандово
01.10.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за давање позитивно мислење на Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2024/2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање позитивно мислење на Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2024/2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година.

Бр.09-1054/6 Градоначалник
01.10.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово и член 7 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и Правилник за дополнување на правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта бр.12-11298/1 од 15.10.2020 година, Советот на Општина Валандово на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ„Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2024/2025 година**

1. **СЕ ДАВА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** на Програмата за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ„Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2024/2025 година и тоа за :

- еднодневна научна екскурзија со учениците од трето одделение;

- дводневна научна екскурзија со учениците од шесто одделение;

- тридневна научна екскурзија со учениците од деветто одделение;

- петдневна настава во природа со учениците од петто одделение и

- еднодневни наставни посети.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-112/6 Совет на Општина Валандово
01.10.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветар која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветар која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година.

Бр.09-1054/8 Градоначалник
01.10.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Советот на Општина Валандово, на триесет и седмата редовна седница одржана на ден 27.09.2024 година, расправаше по Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година, при што согласно член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година, на вкупен износ на утврдени и проценети штети од 228.730,27 (илјади денари) односно 228.730.271,04 денари.

2. Елаборатот да се достави до сите надлежни инстируции за постапување по истиот.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-112/8 Совет на Општина Валандово
01.10.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за учебната 2024/2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за учебната 2024/2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година.

Бр.09-1054/10 Градоначалник
01.10.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово и член 7 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и Правилник за дополнување на правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта бр.12-11298/1 од 15.10.2020 година, Советот на Општина Валандово на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ„Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за учебната 2024/2025 година**

1. **СЕ ДАВА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** на Програмата за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ„Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за учебната 2024/2025 година и тоа за :

- еднодневна научна екскурзија со учениците од трето одделение;
- дводневна научна екскурзија со учениците од шесто одделение;
- тридневна научна екскурзија со учениците од деветто одделение и
- програма за изведување на слободни активности за петто одделение – настава во природа.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-112/10 Совет на Општина Валандово
01.10.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за измена и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година.

Бр.09-1054/9 Градоначалник
01.10.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 79, став 2 од Законот за градење ("Сл.весник на РМ" бр. 103/2009, 124/2010, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и "Сл. Весник на РСМ бр.244/19 и 18/2020"), член 22, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/2002), член 15, став 1, точка 1 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 донесе

**ПРОГРАМА**
**за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2024 година**

Во Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2024 година (Сл. Гласник на Општина Валандово број 12/2023 година) по точка Б-8, се додава нова точка Б-9 која гласи:

„Б-9. На КП 3261/1 КО Валандово (паркинг пред спортска сала Филип II Македонски) Општина Валандово може да постави урбана опремма Полнач за електрични автомобили."

Во точка В-2 по зборовите „од точка Б-5 до Б-6" се става запирка и се додаваат зборовите „точка Б-9"

По точка Г-4 се додава нова точка Г-5 која гласи:

„Г-5. За урбаната опрема од точка Б-9, Полнач за електрични автомобили Општина Валандово како барател за поставување на урбана опрема кон барањето треба да приложи основен прокет фаза архитектура, фаза градежништво (статика), фаза електротехника и фаза сообраќај изготвен согласно одредбите од Законот за градење.

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-112/9 Совет на Општина Валандово
01.10.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилник за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош и потребна документација за остварување на ова право**

**СЕ ОБЈАВУВА** Правилник за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош и потребна документација за остварување на ова право, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година.

Бр.09-1054/13 Градоначалник
01.10.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 11 од законот за социјална заштита („Службен весник на РМ" бр. 104/19 и 146/19 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 11 и член 15 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и седмата редовна седница одржана на 27.09.2024 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош и потребна документација за остварување на ова право**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува начинот, критериумите, условите на остварување на правото на еднократна парична помош и висината на паричната вредност која ја доделува Општина Валандово.

**Член 2**

Право на користење на еднократна парична помош согласно одредбите од овој Правилник можат да остварат само физички лица, коишто се жители на Општина Валандово само еднаш во текот на календарската година.

**Член 3**

Барањето за остварување на правото на еднократна парична помош се доставува до Градоначалникот на Општина Валандово, преку Архивата на Општина Валандово.

Разгледувањето на барањето од одредбата на став 1 на овој член, нивната обработка како и постапување по истите, го врши 5-члена Комисија, формирана од страна на Градоначалникот на Општина Валандово.

Врз основа на приложената документација, пропишана со овој Правилник, Записникот од извршениот увид за утврдување на постоење на социјален ризик, како и врз основа на својот наод и мислење и/или извршена проценка на штета, Комисијата доставува до Градоначалникот Предлог за доделување на средства во вид на еднократна парична помош.

**Член 4**

Граѓаните кои поднесуваат барање за еднократна парична помош, потребно е кон барањето да поднесат комплетна документација во копија.

**Член 5**

Средствата за реализација на поднесените барања се планираат во Буџетот на Општина Валандово во соодветни буџетски програми на годишно ниво по претходно направена процена.

**Член 6**

Општина Валандово доделува еднократна парична помош за следниве категории на граѓани:

- физички лица кои се корисници на минимална социјална помош или се во состојба на социјален ризик а имаат потреба од лекување надвор од државата до 30.000,00 денари;
- физички лица кои се корисници на минимална социјална помош или се во состојба на социјален ризик а кои имаат потреба од лекување во државата до 15.000,00 денари;
- физички лица кои се корисници на минимална социјална помош и кои не се во редовен работен однос до 10.000,00 денари;
- физички лица кои имаат потреба од еднократна парична помош за починат член на потесно семејство, а кои се во состојба на социјален ризик до 15.000,00 денари
- поединци или семејства кои претрпеле штета од природна непогода (земјотрес, поплава, пожар и др.) на сопствен стамбен/помошен објект или преработувачки капацитет во земјоделството и тоа:

  - Прва категорија - 30.000,00 денари;
  - Втора категорија - 20.000,00 денари;
  - Трета категорија - 10.000,00 денари.

Средствата од став 1 алинеја 1, 2, 3 и 4 на овој член може да се користат само еднаш во текот на една календарска година.

**Член 7**

Подносителот на барањето за доделување на еднократна парична помош, заради добивање на помошта, за себе и за семејството приложува:

1. Барање за доделување на средства во вид на еднократна парична помош;
2. Фотокопија на важечка лична карта;
3. Фотокопија од Трансакциска сметка;
4. Фотокопија на извод од матичната книга на умрените, за починат член на семејството - доколку барањето се однесува за состојба на социјален ризик поради смрт;
5. Медицинска документација за подолготрајно лекување во странство и потреба од медицинска интервенција за член од семејството (конзилијарно мислење од соодветна Клиника за потребата од лекување во странство и решение од Фондот за здраствено осигурување за утврдената партиципација) - доколку барањето се однесува за физички лица за кои е потребно медицинска интервенција со оперативен зафат или лекување надвор од државата;
6. Медицинска документација за лекување во здравствена установа (од матичен лекар, лекар-специјалист или отпусна листа) - доколку барањето се однесува за физички лица за кои е потребно

лекување или медицинска интервенција со оперативен зафат во државата;

7. Потврда од Центарот за социјални работи за физички лица кои се корисници на гарантирана минимална помош и

8. Потврда од Агенцијата за вработување на Р.С. Македонија, за невработени физички лица (доколу се работи за состојба од социјален ризик поради невработеност).

Комисијата е должна, од подносителот на барањето да побара на увид во текот на постапката, оригинали за сите приложени фотокопии.

Недостатокот на некој од горенаведените документи, го исклучува барањето од можност за негова понатамошна обработка.

**Член 8**

Поединци или семејства кои претрпеле штета од природна непогода (земјотрес, поплава, пожар и др.), остварувањето на право на користење на средства во вид на еднократна парична помош се утврдува врз основа на:

1. Барање за доделување на средства во вид на еднократна парична помош;
2. Записник од надлежен орган за претрпена природна непогода (пожар, поплава, земјотрес).
3. Документ за докажување на сопственост/користење на недвижен имот (Имотен лист, Договор за закуп и др.)

**Член 9**

Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на едократна парична помош и потребна документација за остварување на ова право бр.09-937/9 од 18.09.2019 година ( Сл.гласник бр.11/19).

Започнатите постапки за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош до денот на влегување во сила на овој Правилник, ќе се реализираат согласно одредбите од Правилникот за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на едократна парична помош и потребна документација за остварување на ова право бр.09-937/9 од 18.09.2019 година (Сл.гласник бр.11/19).

**Член 10**

Правилникот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“

Бр.08-112/13 Совет на Општина Валандово
01.10.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Мислење за барањето на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за одобрување на посета на 15 ученици и 5 вработени во училиштето по покана за учество на тридневната манифестација „Вукови Дани“ во с.Степојевац, Општина Лазаревац, Република Србија**

СЕ ОБЈАВУВА Мислење за барањето на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за одобрување на посета на 15 ученици и 5 вработени во училиштето по покана за учество на тридневната манифестација „Вукови Дани“ во с.Степојевац, Општина Лазаревац, Република Србија, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година.

Бр.09-1054/11 Градоначалник
01.10.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадино

---

Советот на Општина Валандово на триесет и седмата редовна седница, одржана на ден 27.09.2024 година, расправаше по Барањето на ООУ „Страшо Пинџур“ Валандово бр.03-266/2 од 23.09.2024 година заведено под бр.08-103/1 од 23.09.2024 година за давање на мислење за посета на 15 ученици и 5 вработени во училиштето по покана за учество на тридневната манифестација „Вукови Дани“ во с.Степојевац, Општина Лазаревац, Република Србија, па врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 45 од Статутот на Општина Валандово, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**

Советот дава позитивно мислење да се прифати поканата за посета на 15 ученици и 5 вработени во училиштето по покана за учество на тридневната манифестација „Вукови Дани“ во с.Степојевац, Општина Лазаревац, Република Србија, доколку отсуството на учениците и наставниците не се одрази на редовното изведување на наставата и на надградбата на учениците.

Надлежните органи на училиштето, имајќи го во предвид мислењето на Советот, да ја оценат оправданоста и целисходноста на посетата и сообразно на тоа да постапат.

Мислењето ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-112/11 Совет на Општина Валандово
01.10.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---